Република Северна Македонија

**КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА**

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut

**KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI**

Архивски број: 08-40/1
Датум: 08-01-2025

Постапувајќи по претставка бр. 08 - 657/1 од 7.10.2024 година поднесена од [redacted] против Министерство за финансии, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1, точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) го донесе следниот

**ЗАКЛУЧОК**
**за отфрлање на претставка поради ненадлежност**

**СЕ ОТФРЛА** претставката заведена под бр. 08 – 765/1 од 13.12.2024 година, поднесена од [redacted] против Министерство за финансии, **поради ненадлежност**.

**Образложение**

На ден 7.10.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка, заведена под бр. 08 – 657/1, поднесена од [redacted] против нивниот работодавач, Министерство за финансии. Подносителките наведуваат дека со Решенијата за утврдување на плата на државен службеник, донесени врз основа на Решенијата за унапредување на државен службеник од, подносителките биле распоредени на повисоки на повисоки работни места, со што во новите решенија за утврдување на плата им било предвидено дека месечната плата се состоела од основна компонента, дел на плата за степен на образование – 200 бодови, дел на плата за ниво и дел на плата за работен стаж – 0,5% од деловите на плата за степен на образование и за ниво, за секоја навршена година работен стаж, а најмногу до 20%. Понатаму, во точка 3 од Решенијата за утврдување на плата на државен службеник било предвидено дека со влегувањето во сила на новите решенија, престануваат да важат Решенијата за распоредување и определување на плата на државен службеник со кои било утврдено дека составен дел на основната компонента на платата бил делот на плата за ниво – бодови за ниво и бодови за кариера. Со новите решенија, бодовите за кариера биле исклучени при утврдувањето на платата без притоа да бил наведен законскиот основ за исклучувањето на истите. Оттука, подносителките наведуваат дека поднеле приговори на Решенијата за утврдување на плата на државен службеник до Агенцијата за администрација, но по спроведените управни постапки, приговорите биле одбиени како неосновани. Од таа причина, подносителките повеле судски постапки пред Основен граѓански суд Скопје, при што во однос на истите, наведуваат дека судот донел различни пресуди за секоја од подносителките за иста работа. Имено, [redacted] имала поднесено три тужби - по првата тужба била донесена Пресуда РО-2917/21 од 23.6.2022 година со која тужбеното барање се одбива како неосновано. Дополнително, Апелациониот суд ја одбил жалбата по ова тужбено барање со Пресуда РОЖ-292/23 од 13.9.2023 година. По другите две тужби, ѝ било уважено тужбеното барање со Пресуда РО-3018/22 од 26.9.2023 година и Пресуда РО/1311/23 од 26.9.2023 година на Основен граѓански суд Скопје. Од страна на законскиот застапник на Министерство за финансии биле поднесени жалби, кои во моментот на поднесувањето на претставката сè уште биле во постапка пред Апелациониот суд Скопје. Подносителката [redacted] имала поднесено две тужби - по првата тужба Основниот граѓански суд Скопје донел Пресуда РО-2916/21 од 20.4.2022


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

година со која е усвоено тужбеното барање и било поништено Решението за утврдување на плата бр. 04-7513/3 од 30.7.2024 година. По поднесената жалба на Министерството за финансии, Апелациониот суд ја уважил жалбата и предметот го вратил на повторно судење пред првостепениот суд, кој донел Пресуда IV РО 1747/23 од 15.7.2024 година со која го одбил тужбеното барање како неосновано. По втората тужба со Пресуда 1РО-3175/22 од 29.9.2023 година било усвоено тужбеното барање и било поништено Решението за утврдување на плата на државен службеник бр. 04-5208/1 од 9.5.2022 година и постапката во моментот на поднесувањето на претставката сè уште била во постапка пред Апелациониот суд Скопје.

Во продолжение, подносителките објаснуваат дека едната од нив – [redacted] се стекнала со степен на кариера „А“ и ѝ било исплаќано зголемување на платата за 5% од додатокот на плата за звање уште од 1.1.2009 година, со степен на кариера „Б“ и зголемување на платата за 10% од додатокот на плата за звање уште од 1.9.2011 година и со степен на кариера „В“ и зголемување на плата за 15% од додатокот на плата за звање од 1.9.204 година. Во однос на другата подносителка на претставката – [redacted] наведено е дека таа се стекнала со степен на кариера „В“ и исплата на додатокот на плата за кариера во износ од 15% од додатокот на плата за звање врз основа на решение за стекнување со степен на кариера и исплата на додаток на плата за кариера.

Подносителките наведуваат дека во некои институции, наведувајќи ги како пример Министерството за образование, Државниот завод за ревизија, правото на степенот на кариера и исплатата на додатокот за кариера се признавало со спогодба на работодавецот .

Во прилог на претставката беа судски пресуди донесени од страна на Основниот граѓански суд Скопје и Апелациониот суд Скопје по тужбите поднесени од страна на двете подносителки на претставката за заштита од дискриминација во повеќе наврати.

По разгледувањето на претставката, Комисијата констатира дека адресираниот проблем не спаѓа во рамки на законските надлежности на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, предвидени во член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација. **Според податоците и доказите приложени во претставката, не се забележани индиции на дискриминаторски третман базиран на законски заштитени категории. Дополнително на ова, Комисијата нема надлежност за оценка на одлуките на судовите или за интервенција во административни одлуки поврзани со државни институции како Министерството за финансии, особено кога станува збор за интерни процедури како што е утврдувањето на плата.** Имајќи ја во предвид содржината на претставката, Комисијата утврди дека истата не е поднесена врз некоја дискриминаторска основа согласно член 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, односно подносителките не поседуваат заштитна карактеристика при што поради така наведената дискриминаторска основа, со нив е постапено на понеповолен начин од оние лица кои не ја поседуваат таквата заштитна карактеристика.

Имено, член 5 дискриминацијата ја предвидува врз основа на *раса, боја на кожа, потекло национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа*, а во врска со член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, според кој: *„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување,*

*ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите.“*

Во конкретниот случај Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека не станува збор за дејствување кое спаѓа во нејзината надлежност, при што Комисијата од изнесените факти и околности во претставката утврди дека во описот на претставката не станува збор за повреда на правото на еднаквост согласно член 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Имајќи ги во предвид горенаведените факти и околности, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно законските надлежности од член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, одлучи како во диспозитивот и ја отфрли претставката поради ненадлежност.

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Претседател на Комисијата
Лимко Бејзароски

Доставено до:
- [redacted]
-